# Македонска Каменица – пилот општина во PPP4Broadband проектот за надминување на дигиталниот јаз

Во јануари 2014, општината Македонска Каменица влезе како една од трите пилот општини во PPP4Broadband проектот финансиран под капата на Транснационалната Програма за Југоисточна Европа.

Целта на PPP4Broadband проектот е воспоставување, како и подобрување на пристапот до широкопојасни интернет мрежи во земјите од Југоисточна Европа, со цел надминување на дигиталниот јаз преку користење на моделот на Јавно-приватно партнерство. Појавата на овој широкопојасен јаз најчесто може да се забележи во руралните и/или приградските населби, каде интернет брзината е помала од 256kbps, која се смета за праг на широкопојасниот интернет пристап во ЕУ.



Покрај Македонија, во овој проект учествуваат уште 8 држави од Европа (Австрија, Словачка, Словенија, Унгарија, Бугарија, Србија, Романија и Грција). Со цел да се тестира работата на моделот за Јавно-приватно партнерство ќе се имплементираат три пилот проекти во некои од државите-учеснички (вклучувајќи ги тука Грција, Романија и Македонија со општината Македонска Каменица).

Центарот за Управување со Знаењето започна и со воспоставување на Центарот за Извонредност кој во натамошната фаза ќе ја има улогата да обезбеди знаење, стручност и насоки за субјектите кои ќе бидат заинтересирани за воспоставување на широкопојасни интернет мрежи. Очекуваниот резултат од овој проект е надминувањето на дигиталниот јаз преку иновативни решенија (модели), кои ќе го зголемат/подобрат пристапот до широкопојасната интернет мрежа, како на регионално така и на национално ниво.

Здружение на граѓани  Центар за Управување со Знаењето
Ул. 11 Октомври бр.25, 1000 Скопје
http://knowledge-center.org/